совет за етика во
медиумите на македонија

17.02.2016г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Јане Димески за текстот со наслов "Албанската влада со помош на македонските "невладини" ни ги запре "Бошков мост" и "Луково поле", објавен на 09.12.2015 година на Интернет страницата на дневниот весник "Дневник", а на 10.12.2015 година во дневниот весник "Дневник".**

**Ж А Л Б А Т А   Е   О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во член 1.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 10.12.2015 година, Јане Димески поднесе жалба за текстот со наслов "Албанската влада со помош на македонските "невладини" ни ги запре "Бошков мост" и "Луково поле", објавен на 09.12.2015 година на Интернет страницата на дневниот весник "Дневник", а на 10.12.2015 година во дневниот весник "Дневник". Во жалбата се наведува дека известувањето е неточно и нефер и дека авторот не ја контактирал втората страна во текстот, односно екологистите за кои изнесува тврдења дека контактирале со мисијата на Албанија.

Извршната канцеларијата на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со дневниот весник "Дневник" со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Од "Дневник" не доставија одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 03.02.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Јане Димески и направи увид во наведениот текст.

***

Притоа, Комисијата утврди дека во наведениот текст, објавен на 09.12.2015 година на Интернет страницата на дневниот весник "Дневник", а на 10.12.2015 година во дневниот весник "Дневник", е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, според кој новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати страни од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено треба да биде случај кога

новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, според што новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Потребата од брзина никогаш не смее да ги загрози точноста, кредибилитетот и професионалноста на прилогот. Секогаш треба да се стреми да се задржи оригиналниот контекст на сите цитати или изводоци. Новинарското известување не смее да ја смени смислата на реченицата, изјавата или цитатот.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Беким Ајдини, Теофил Блажевски и Гоце Герасимовски.

**Се обврзува дневниот весник Дневник, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски